Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. " број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13, 163/13 и 42/14,) член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје **го дава следното:**

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран плански опфат од утврдениот **Нацрт План ДУП за Градска четврт СЗ 12, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:**

# Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот за Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 12, Општина Ѓорче Петров, Скопје** со следните граници на плански опфат:

- **Север** - Осовина на градска магистрална улица „Црногорска“;
- **Исток -** Осовина на градска магистрална улица „Сарај“;
- **Југ** - Осовина на регулација на корито на река „Вардар“; и
- **Запад** - Осовина на Автопат (се совпаѓа со граница на ГУП за град Скопје)

Нацрт планот е Утврден од страна на Советот на **Општина Ѓорче Петров-Скопје**, со одлука број 08-2875/26 од 09. 11. 2015год. („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 13/15). **Големината на планскиот опфат изнесува 19.06ха.**

- Планот ќе биде изложен во просториите на УЗ „ Дексион“ во период од 10 работни дена
- **Јавната анкета ќе трае од 23. 11. 2015год. до 04. 12. 2015год**, - 10 работни дена, сметано од денот на објавата за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета во Јавните гласила „Дневник“ и "Утрински весник", **секој работен ден од 12.00 до 20.00 часот.**
- **Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk,**
- **Јавна презентација со комуналните претпријатија и јавните институции за Нацртот на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 12, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се одржи на 27.11.2015 (петок) во 12 часот** во просториите на Општина Ѓорче Петров-одделение за планирање и уредување на просторот**.**
- **Јавната презентација за граѓаните за Нацртот на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 12, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се одржи на 27.11.2015 (петок) во 18 часот,** во просториите на **УЗ “Дексион“.**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во **просториите на УЗ “Дексион“, во тек на излагањето на планот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 09-3257/2**
**од 20.11. 2015 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**